СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 36 СПОПЈЕ, СРЕДА 24 ДЕКЕМВРИ 1947 ГОД. Год. III

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса „Службен весник на НРМ" — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 Пошт. фах. 51 Ракописите не се враќаат.

Цена на овој број е 4 динари. Претплата за цела година 250, за пола година 130 — Огласите се примаат по тарифа објавена во бр. 25/47 год.

347

УКАЗ

ЗА СВИКУЕЊЕ НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРО РЕДОВНО ЗАСЕДАНИЕ

Врз основа чл. 73 т. 1 од Уставот на Народна Република Македонија и чл. 4 т. 1 од Законот за Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија во врска со чл. 6 од истиот Закон, Претседателството на Президиумот на Народна Република Македонија

Решава

Народното собрание на Народната Република Македонија се свика во второ редовно заседание на 29 декември 1947 година.

У. бр. 7

СКОПЈЕ, 30 ноември 1947 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретарот
Вера Ацева, с. р.

Претседател,
Богоја Фотев, с. р.

350

Врз основа на чл. 9 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија, во согласност со Претседателот на Владата, пропишуам

Правилник

ЗА ПОВИШИЦИТЕ НА ОСНОВНАТА ПЛАТА ПО ГОДИНИ НА СЛУЖБА ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА

Член 1

Повишици на основната месечна плата по годините на служба постоат за следните звања во здравствената струка; болничар, медицински хигиеничар, масажер, детска гледачка, бабица, медицински техничар, забен техничар, забар, лекар, лекар специјалист, фармацеутски помошник и фармацеут.

Член 2

Повишиците, на платата за звањата од претходниот член изнесуат:

1) За звањата: болничар, медицински хигиеничар, масажер, детска гледачка, бабица, медецински техничар, забен техничар и фармацеутски, помошник:

а) прва и втора повишица по 300 динари;

б) трета повишица 400 динари.

2) За звањето забар, лекар и фармацеут:

а) прва повишица 300 динари;

б) сите натамошни повишици по 400 динари.

3) За звањето лекар специјалист: сите повишици по 500 динари.

Основната плата со повишиците не може да го прејде најголемиот износ на основната плата предвидена за тие звања во чл. 3 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија.

Член 3

Времето за давање повишици во размак од 3 до 5 години го одредуе старешината односно органот надлежен за назначуење, по претходно мнение од старешината односно органот на организационата единица во која што службеникот е запослен.

Член 4

Ако службеник не добие повишица на платата после 5 години служба проведена во звањето, има право на приговор до надлежниот старешина односно орган. Правото на приговор под истите услови го има и синдикалната организација.

Член 5

При преведуењето на службениците на платите по Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија, основната плата со повишиците к'е се одредуе на овој начин, како основица има да се земе почетната плата од звањето во кое што е службеникот преведен и на таа основица да и се додадат повишиците спрема вкупниот број на години ефективна служба на секој поединечен службеник, сметајќи за секоја повишица по 5 години, со тоа да основната плата со повишиците по години на служба не може да го прејде најголемиот износ на платата предвидена за односните звања во член 3 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје- V.бр. 14090/47.

Министер
на внатрешните работи на НРМ,
Ц. Узуновски, с. р.

355

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 1, став 1, буква г) од Законот за измени и дополнуења на Законот за удружувајата соборите и другите јавни скупови решавјки по предметот одобруење оснивањето и работата на „Фискултурниот сојуз на Македонија", на ден 25 септември 1947 год. донесе следното:

Решење

Се одобрує оснивањето и работата на „Фискултурниот сојуз на Македонија" со седиште во гр. Скопје а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Такса по Т.бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија V бр. 1240/47 год.

Министер
на внатрешните работи на НРМ,
Ц. Узуновски, с. р.

ОД РЕДАКЦИЈАТА

„Службен весник на НРМ" во текот на 1948 к'е се доставує само на оние кои ја внесат претплатата до крај на оваа година или пак во истиот срок достават на редакцијата писмо со кое се претплатуат на весникот.

Претплатата за Службен весник на НРМ" за 1948 год. к'е изнесує:

а) за едно полугодие — — — Динари 125.—

б) за цела 1948 година — — Динари 250.—

Претплата се внесує преку Народна банка на ФНРЈ—Централа за НРМ Скопје, на чековна сметка 8-901812 или со поштенска уплатница на адреса: „Службен весник на НРМ" Поштански фах 51—Скопје.

Се молат сите должници, кои во текот на 1947 год. го примале весникот, а до сега немаат внесена должната сума, тоа да го напраат до 15 јануари 1948 год.

Редакцијата к'е го доставує комплетот на „Службен весник на НРМ" за 1946 год. по цена од Динари 250.

Редакцијата не располага со следните броеви од 1945 год. 1, 2, 3, 4, 5 и поради тоа преостаналите броеви к'е ги достави по цена од Динари 165. Исто така редакцијата не располага од 1947 год. со броеви 1, 2 10 и 17, а останалите броеви к'е се достават по цена од Динари 230 за цела година.

Од Редакцијата „Службен весник на НРМ"

СОДРЖАЈ

347 **Указ за свикуење Народното собрание на Народна Република Македонија во второ редовно заседание** 443

350 **Правилник за повишиците на основната плата по години на служба за службениците од здравствената струка** 443

349 **Правилник за повишиците на основната плата по години на служба за службениците во звањето судија на околиски суд и судија на околиски суд** 444

344 **Правилник на повишиците на основната плата според годините на служба за положајните додатоци и премиските додатоци за службениците од просветно-научната струка** 444

351 **Правилник за дополнение на чл. 4 од Правилникот за начинот за исплатуење инвалидски принадлежности — Бр. 1355 од 25-III-1947 год.** 446

352 **Наредба за уведуење звање „виши научен соработник" во просветно-научната струка** 447

353 **Наредба за одредуење основна плата за ново уведеното звање „виши научен соработник" и за изменение на основната плата за звањето „научен соработник" во просветно-научната струка** 447

354 **Решење за одобруење работата на „Друштво за културна соработка Македонија Албанија"** 447

355 **Решење за одоруење работата на „Фискултурниот сојуз на Македонија** 448

Издава: Претседателството на Владата на НРМ Одговорен уредник Љубомир Б Исаиев — Редакција и администрација ул. Маршал Тито бр. 10 Тел. 696. Печатница „Гоце Делчев" — Скопје